# Совет на ветерани и Младинска организација на ВМРО-ДПМНЕ, 1991 г.

Среда, 30 Ноември 2016 03:04



ИК ВМРО ДПМНЕ

комплетно ја презеде власта, а чле
рираат како на ВМРО-ДПМНЕ прават п
односно прават блокада на градскит
нашата Партија - сегашната влада н
ВМРО-ДПМНЕ.

ЗВОНКО СТАНКОВСКИ
Технички секретар на ВМРО-ДПМНЕ

91000 Скопје, П.фах 903 ☎ 091/227-627, 211-586, 213-706
Факс 213-706

МЛАДИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВМРО-ДОПМНЕ

Извршниот одбор на ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство донесе одлука за формирање на Младинска организација. Според ова одлука секоја секција на ВМРО - ДПМНЕ треба да формира младински актив. Формиран е Координационен комитет, а за главен координатор е назначен Драган Димишков, како член на ЦК на ВМРО - ДПМНЕ. Прифатен е предлогот да биде изработен Правилник со кој ќе се регулира функционирањето на работата на Младинската организација. Овој акт ќе биде доставен до сите секции.

ПАРТИСКА АКТИВНОСТ

СОВЕТ НА ВЕТЕРАНИТЕ ПРИ ВМРО-ДПМНЕ

Извршниот комитет на ВМРО - ДПМНЕ донесе одлука за конституирање на Советот на ветерани при ВМРО - ДПМНЕ, посебна организација која ќе ги прибира и обединува членовите на нашата партија кои биле затворени, осудувани и казнувани од страна на комунистичкиот режим во Македонија. Основачкото собрание на Советот на ветераните се одржа на 17.06.1991 година во Скопје, на денот на годишнината од основањето на ВМРО-ДПМНЕ.

Во престојниот период општинските комитети на ВМРО - ДПМНЕ се должни да ги превземат сите неопходни организациски мерки како би отпочнало нормалното функционирање на Советот и неговите огранoци. Општинските комитети, поради ова, мораат под итно да одржат состаноци со раководството, а на кои ќе присуствуваат сите стари членови на ВМРО - ДПМНЕ за кои станува збор. Од нивните редови да бидат избрани претставници во претседателството на Советот.

Во најскоро време Советот ќе го добие, односно треба да го добие својот статут и деловник за работа, врз чија основа ќе ги извршува своите активности.

Во практична смисла Советот е боречката организација на ВМРО-ДПМНЕ. Советот како боречка организација на сите Македонци кои пострадале и се бореле за идеалот: обединет и самостојна Македонија, односно Македонија на Македонците, со сите средства на правната држава и демократија ќе настојува да ја избори вистината за самите нив, да ја избори потребната позиција и признание на овие борци, а сходно на тоа и понатамошната материјална и суховна грижа на Македонската држава кон нив. Боречката организација на ВМРО -ДПМНЕ ќе биде натпартиско тело, кое грижливо и совесно ќе учествува во општествениот и политички живот во Република Македонија.